# ПРОГРАМА
# ИНТЕГРАЦИЈА НА ЕКОЛОШКАТА ЕДУКАЦИЈА
# ВО МАКЕДОНСКИОТ ОБРАЗОВЕН СИСТЕМ

## Обука
## „Интегрирано планирање во наставата"

2012, Охрид

Проф. д-р. Снежана Мирасчиева

# Клучни прашања:

- Поим, суштина и видови планирања на наставата.
- Потребата од интегрирано планирање на наставата.
- Поимска определба на интегрираното планирање.
- Суштина и значење на интегрираното планирање на наставата.
- Видови интегрирани планирања на наставата.

# Поим, суштина и видови планирања на наставата

<u>Прашање: </u>Зошто планираме?

„Кој ќе се поведе кон праксата без теорија,
тој е како кормилар кој ќе се качи на брод без кормило и компас и никогаш
не е сигурен каде плови.“

Леонардо да Винчи

„Човек без план е како брод без навигатор.“

▪ planum (лат.јазик- рамница, рамно)

▪ planare (лат.јазик-израмнување, порамнување, има намера, прави нацрт (план) за развој)

✓ планирањето е водич, насочувач

✓ планирањето е препорака, а не суд

Во таа смисла, планирањето е потребно заради осмислување на активностите кои треба да се реализираат, нивната содржина, материјалните потреби, рационално користење на човековите потенцијали и времето на реализација.

Да се планира, значи да се утврди кои активности треба да се извршат, во кој обем и редослед, кои ресурси треба да се обезбедат за да се постигне саканата состојба. Планирањето е предвидување како нешто ќе се направи или изведе и како ќе се дојде до резултати. Секое планирање што се случува во училиштето најчесто повлекува со себе и планирање на содржините од наставната програма.

# Според временската рамка на реализација:

1.ГОДИШНО ПЛАНИРАЊЕ (глобално, долгорочно, ориентационо)
- се однесува за цела учебна година, односно наставната програма;

2.ТЕМАТСКО ПЛАНИРАЊЕ (етапно,среднорочно)- конкретизација на годишното и се однесува на определено време од учебната година- односно за дел од содржините;

3.ДНЕВНО (оперативно,краткорочно)–конкретизација на тематското и се однесува на еден работен ден.

Сите три вида планирање се поврзани меѓу себе. Долгорочното планирање предвидува поопшти цели и задачи, среднорочното планирање ги зема овие задачи и го дели на помали елементи, односно цели на учење и потоа краткорочното планирање ги зема овие цели за учење и опишува како да се подучат учениците во текот на секој наставен час.

<u>Важно е определувањето на целите да биде поврзано - интегрирано и тоа:</u>

- вертикално - со целите на претходната и следната тема;
- хоризонтално - со целите од другите предмети.

Плановите најчесто се во пишана форма во комбиниран вид на текст, табели, шеми, планови, цртежи.

# Потребата од
# интегрирано планирање на наставата

- новиот холистички приод кон индивидуата;
- потребите на современото општество;
- целосен оптимален развој на личноста на ученикот;
- модернизацијата на наставата;
- развојни цели во наставата;
- успешна настава;
- ефективно учење;
- личност способна за живот и работа во општеството;
- способност за доживотно учење.

# Теориско-емпириските сознанија за слабостите на традиционалното планирање се причини кои ја наметнуваат потребата од интегрирано планирање на наставата, како:

- Преобемни наставни планови и програми,
- Оптовареноста на учениците и наставниците,
- Непотполна материјално-техничка опременост на училиштата,
- Бројноста на учениците во училницата,
- Интересите и потребите на учениците не беа доминантни во планирањето
- Формализам во знаењето на ученикот,
- Ученикот е пасивен субјект (доминира слушачко-набљудувачката позиција на ученикот),
- Доминација на фронталната работа,
- Занемарување на индивидуалните способности на ученикот( отсуство на диференцијација и индивидуализација на наставата),
- Наставникот е доминантна фигура во наставниот процес со своите активности,
- Не се планираше непосредно вклучување на родителите во наставата и др.,
- Затвореност на наставата во училницата,
- Професионален егоизам и сопственото его.

# Поимска определба
# на интегрираното планирање

**Integer** - (лат.јазик- потполен);

**Integralitas** -(лат.јазик-целосност, целовитост, потполност, целокупност);

**Integrans** - (лат.јазик-нешто што припаѓа на една целина, што ја надополнува како битна состојка);

**Integrare** - (лат.јазик-обновување, дополнување на нешто со она што е битно).

**planare (лат.јазик-израмнување, порамнување, има намера, прави нацрт, план за развој).**

# Интегрираното планирање претставува:

- значајна карактеристика на современиот пристап во наставата,
- функционално поврзување на содржините од наставните предмети или нивни делови (тематски целини), при што се задржува нивната самостојност, систематичност и логичност,
- функционално поврзување на целите,
- обработка на еден проблем од различни аспекти.

# Суштина и значење на интегрираното планирање на наставата

- содржинско-функционално и целно-функционално поврзување на содржините од наставната програма;

- со интегрираното планирање на наставата на блиски наставни содржини од различни наставни предмети и/или теми во една целина учениците на целовит, едноставен и интересен начин стекнуваат нови сознанија.

# Зошто е потребно интегрираното планирање?

- создавање на стимулативна и креативна средина за учење;
- позитивна работна клима;
- активно учество на учениците;
- можност за изразување на индивидуалните способности;
- висок степен на интеракција;
- примена на повеќе социјални форми и методи на работа;
- користење на повеќе извори на знаење и ресурси во училиштето и надвор од него;
- тимска работа на наставниците;
- проширување на облиците на соработка со родителите.

# Видови интегрирани планирања на наставата:

- **Според времето на реализација:**
  - годишно интегрирано планирање
  - тематско интегрирано планирање
  - дневно интегрирано планирање
- **Според предметот (содржина и цели) на интеграција:**
  -вертикална(внатрешна, интрапредметна);
  -хоризонтална(надворешна, интерпредметна);
- **Според начинот на интеграција:**
  - централна тема,
  - фокусиран проблем.

# Годишно интегрирано планирање
# ЦЕНТРАЛНА ТЕМА: СООБРАЌАЈ

## Цели:

- воведување во устено и писмено изразување, творење и збогатување на речникот;
- прибирање, класифицирање и вршење едноставни споредувања на податоци;
- развивање на осет за ритам, за мелодија и доживување на истите;
- оспособување за правилно одење и трчање;

| Наставни предмети | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Мајчин јазик | Математика | Природа и Општество | Ликовно образов. | Музичко образ. | Физичко и здравствено образ. |
| содржини | | | | | |
| цели | | | | | |

# Тематско интегрирано планирање НАСТАВА по ЗО

Тема број 1. Јас со другите-(14часа)
Време на реализација-септември и октомври-прва седмица
Меѓупредметна и содржинска интеграција

| ЗО | Македонски јазик | Математика | Ликовно образов. | Музичко обр. | ФЗО |
|---|---|---|---|---|---|
| Што ми се допаѓа кај мене? | Јазик: Редот на зборовите во реченицата-вежби и игровни активности за составување правилни реченици | | Цртање: цртање по набљудување и фантазија (со цртање да претстави што сака) | | |
| Ние сме слични и различни | Изразување и творење: Вежби за слушање на други лица и учество во разговор преку раскажување, прашања и одговори | | | | |

# ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ НА ИНТЕГРИРАН РАБОТЕН ДЕН (ВТОРО ОДДЕЛЕНИЕ)

- Тема на денот: Есенски плодови
- **Предмет:**

1. Запознавање на околината
2. Математика

- **Теми:**
  - Јас сум дел од природата
  - Броеви до 20 (собирање и одземање)
- **Наставни содржини**
  - Есенски плодови
  - Собирање и одземање до 5 низ дидактичка игра-На пазар
- **Цел на денот:** Да стекнат сознанија дека есента нуди многу плодови, кои се важни за човековото здравје;
- **Конкретни цели:**
- **Индикатори:**
- **Организациони форми на настава:**
- **Наставни методи:**
- **Наставни средства:**
- **Место на реализација:**
- **Поими:**
- **Забелешки:**

# Артикулација на денот

- **Воведни активности - 10 мин.**
- **Ученичко-поучувачки активности -65 мин.**
- **Евалуативни активности- 15 мин.**
- **Очекувани резултати:**
- **Забелешка:**

# Потреби и можности за интегрирано планирање во наставата на точките за акција од четирите еко-стандарди

- Потреби за интегрирано планирање во наставата на точките за акција од четирите еко-стандарди:
  - потребите за живот во 21 век: развивање на еколошка свест;
  - редизајнирање на воспитно - образовните содржини;
  - иновациски зафати во дидактичко - методска сфера;
  - отвореност кон средината;
  - професионален развој на стручниот кадар;
  - опременост на институциите со работен и дидактички материјал;
  - создавање на креативна и стимулативна средина за учење.

# Можности за интегрирано планирање во наставата на точките за акција од четирите еко- стандарди

**Како може да се интегрираат точките за акција од еко-стандардите во наставата ?!?**

# Сугестии и упатства

- Анализа на состојбата на животната средина ( чекор 2).
- План на активности (чекор 3), (види анекс 3. од Прирачникот *Како да се стане еко-училиште*).

Сугестии:

Планот на активности:

- е продукт на Анализата,
- соодветствува со точките на акција од еко-стандардите опфатени во интегрираното планирање на наставата кое е дел од Годишната програма за работа на училиштето.

**Анализа на состојбата на животната средина**

План на активности
(содржината се однесува на точки за акција од еко-стандардите опфатени
со интегрираното
планирање)

**Точки за акција**

**Годишна програма за работа на училиштето** (каде е содржано интегрираното планирање на наставните содржини)
Интеграцијата се темели на определените точки за акција.